Врз основа на член 476 став 7 од Законот за трговските друштва ("Службен весник на РМ", број 28/04 и 84/05), министерот за финансии донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ГОДИШНАТА СМЕТКА
**(Службен весник на РМ бр. 113/06 и 110/07)**

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на билансот на состојбата и билансот на успехот вклучени во годишната сметка, за субјектите кои сметководството го водат согласно Законот за трговските друштва ("Службен весник на РМ", број 28/04 и 84/05) и Правилникот за водење на сметководството("Службен весник на РМ", број 94/04, 11/05 и 116/05).

Овој правилник не се однесува на субјектите од став 1 на овој член, доколку со друг пропис се пропишани посебни билансни шеми.

## Член 2

Субјектите од член 1 став 1 на овој правилник, ја искажуваат состојбата, на средствата, капиталот и обврските на образецот "Биланс на состојбата на ден ____ 20__ година" и приходите, расходите и резултатот од работењето на образецот "Биланс на успехот во периодот од ____ до ____ 20 година", кои се составни делови на овој правилник.

Билансот на состојбата, го составуваат сите субјекти од член 1 став 1 на овој правилник, со тоа што малите субјекти го составуваат овој биланс на скратен начин со пополнување на позициите означени со големи букви и римски броеви.

Субјектите од член 1 став 1 на овој правилник Билансот на успехот го составуваат според ознаките на овој биланс кој се однесува за одделни субјекти.

## Член 3

При пополнувањето на обрасците од член 2 на овој правилник, субјетот ги внесува податоците во определените позиции од колоната 1 односно од колоната 2, како и на ознаките на АОП од колоната 2 односно од колоната 3, од групата на сметките, согласно со Правилникот за сметковниот план и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план, кои се однесуваат на оваа категорија на субјекти.

## Член 4

Обрасците од член 2 на овој правилник се стандардизирани и истите се приспособуваат за автоматска обработка од Централниот регистар на Рапублика Македонија во соработка со Министерството за финанасии.

Одредбата од овој член се однесува и на субјектите за кои со друг пропис се пропишани посебни билансни шеми.

## Член 5

Паричните вредности во обрасците од член 2 на овој правилник се искажуваат во денари без дени.

Одредбата од овој член се однесува и на субјектите за кои со друг пропис се пропишани посебни билансни шеми.

**Член 6**

При статусни промени во текот на годината субјектот составува и доставува до Централниот регистар на Република Македонија, годишна сметка во законскиот рок од денот на настанатата статусна промена.

Под денот на настанување на статусната промена, се подразбира денот под кој статусната промена се спроведува во деловните и трговските книги на субјектот.

Заради обезбедување на збирни податоци, субјектот кај кој настанале статусни промени доставува до Централниот регистар на Република Македонија и до Управата за јавни приходи и податоци за периодот пред настанувањето на статусна промена. Тие податоци субјектот ги обезбедува врз основа на сметководствена и друга евиденција и годишната сметка.

За периодот пред денот на настанувањето на статусната промена субјектот ги искажува податоците на посебни обрасци на кои назначува "Пред денот на настанувањето на статусната промена".

При доставувањето на податоците за периодот пред денот на настанувањето на статусната промена, субјектот ќе води сметка за тоа да обезбеди споредливост на податоците од претходната и тековната година, како и податоците да не се повторуваат кај повеќе субјекти. Заради тоа, субјектот ќе постапи на следниот начин:

1) ако статусната промена настанала во тековната година, за субјектот кој престанал со работењето се искажуваат следните поднесоци:

- на образецот Биланс на состојбата, во колоната 3 се искажува состојбата од колоната 6 на активата и од колоната 4 на пасивата на годишната сметка од претходната година, односно почетната состојба на 1 јануари на тековната година;
- на образецот Биланс на успехот, во колоната 5 се искажуваат податоците за работењето за периодот од 1 јануари до денот на настанувањето на статусната промена, а во колоната 4 се искажуваат податоците за работењето за целата претходна година по годишната сметка;

2) ако статусната промена настанала во претходната година, за субјетот кој престанал со работењето се искажуваат следните податоци за поретходната година:
- на образецот Биланс на успехот, во колоната 4 се искажуваат податоците за работењето за периодот од 1 јануари до денот на настанувањето на статусната промена:

3) ако статусната промена настанала во претходната година, за субјектот што престанал со работење, во образецот Биланс на состојбата се искажуваат податоците така што во колона 3 се внесуваат податоците од колоната 6 на активата и од колоната 4 на пасивата на годишната сметка од претходната година, односно почетната состојба на 1 јануари на тековната година, а во колоната 4 до 6 на активата и во колоната 4 на пасивата се внесува состојбата на денот на изработката на периодичната односно годишната сметка на субјектот - обврзник за предавање на таа пресметка;

4) ако статусната промена настанала на 31 декември, за субјектот кој престанал со работењето се искажуваат податоците во обрасците Билансот на состојбата и Биланс на успехот и тоа само во колоната 3 односно колоната 4.

Одредбата од овој член се однесува на сите субјекти од член 1 став 1 на овој правилник кај кои настанале статусните промени, без оглед на тоа дали со друг пропис се пропишани посебни билансни шеми.

**Член 7**

Субјектите од член 1 став 1 на овој правилник, по исклучок во 2006, година ги рекласифицираат податоците искажани на соодветните групи на сметки и на сметките од годишната сметка за 2005 година, на новите билансни шеми пропишани со овој правилник или со друг пропис кои се применуваат во 2006 година, најдоцна до 31 декември 2006 година.

Големите и средните субјекти, кои согласно Законот за трговските друштва и Законот за ревизија ги подложуваат своите финансиски извештаи и сметководствени искази на ревизија, рекласифицирањето на податоците од став 1 на овој член го вршат во рок од 60 дена од денот на објавувањето на овој правилник.

Субјектите од ставовите 1 и 2 на овој член, кои при изготвувањето на годишната сметка за 2005 година ја применуваа Уредбата за сметковниот план ("Службен весник на РМ", бр 29/00) и Правилникот за содржината на контата во контниот план ("Службен весник на РМ" бр 13/94 и 30/00), рекласификацијата на податоците од годишната сметка за 2006 година на новите билансни шеми, ја вршат според прегледите што се отпечатени кон овој правилник и се негов составен дел.

**Член 8**

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за пропишување на формата и содржината на билансните шеми ("Службен весник на РМ" бр 23/99).

**Член 9**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 01.01.2007година

Број 11-32498/1

23 октомври 2006 година

Скопје

**МИНИСТЕР**
д-р Трајко Славески с.р